| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Пролетта ни пристигна |
| **Содржина на денот** | Расцветано пролетно дрво |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Александра Дедес Трајковски |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување на децата за придобивките од секојдневното оддржување на личната хигиена и хигиената во градинката и домот. |
| **Активности** | Активноста со детето можете да ја започнете со презентација на фотографии,сликовници и апликации со пролеттни содржини и мотиви преку кои детето ќе може да ги воочи промените во природата и карактеристиките на годишното време пролет.<br>За подобро да ги воочат и визуелно запаметат промените кои се случуваат во природата во пролет, најдобро е да се организира на детето прошетка во блискиот парк, каде детето опуштено и релаксирано ќе може да набљудува.<br>Во така природна и релаксирана атмосфера може да се започне разговор со детето за тоа што гледа пред себе, како изгледаат дрвјата, дали е времето потопло, дали има цветови на дрвјата, каква е бојата на лисјата, притоа постојано да се поттикнува детето да поставува прашања и да биде активно во разговорот.<br>По разговорот може на детето да му предложите да изработите ваше „Расцветано пролеттно дрв ".<br>За оваа активност потребно ќе ви биде: хамер, лепило, гранчиња од дрво, ножички, хартија во боја, чепкалки за уши, темперни бои.<br>Најпрвин треба да се залепат гранчињата од дрво, а потоа да се аплицираат цветчиња од хартија, и да се печатат цветчиња и ливчиња со помош на темперни бои (погледни слики во прилог).<br>Производот ќе биде една прекрасна декорација која може да го краси Вашиот дом.<br>Уживајте. |